РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-511/1
28-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1567/1 од 21.05.2025 година и кон него споен предмет 12-1772/1 од 17.06.2025 година, оформени по пријави во кои се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведување на постапка за јавна набавка во ------- -------- реализирана по оглас број 12365/2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – ----------------- -------------- ------- ---------- ------------, каде постапувањето е во тек.

Предметот со број 12-1567/1 од 21.05.2025 година и кон него споен предмет 12-1772/1 од 17.06.2025 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 21.05.2025 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведување на постапка за јавна набавка во ------- -------- реализирана по оглас број --------/------- година објавен преку Електронскиот систем за јавни набавки на ---.----.------- година, по што ДКСК оформи предмет број 12-1567/1 од 21.05.2025 година.
Кон предметот е споен предмет 12-1772/1 од 17.06.2025 година од причина што се работи за пријава со исти предметни наводи, заради постапување и одлучување на ДКСК во единствена постапка.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во конкретниот случај станува збор за јавна набавка на услуги, во која договорен орган бил ------------------ --------------- -- ------------------ -- -------------- ---------------- ---------------------- -- --------------- -------------------- во државна сопственост Скопје, со предмет на набавка: Ремонтни активности во ТЕ за 2024 година - Услуга за специјализирана работна рака (------ ----------).
Во пријавите е наведено дека при евалуацијата на понудите за јавната набавка доставени за ДЕЛ 4 - Напојни и конденз. пумпи, од страна на договорниот орган било постапено спротивно на Законот за јавни набавки и биле прекршени начелото на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства, начелото на конкуренција помеѓу економските оператори и начелото на еднаков третман и недискриминација на економските оператори, при што била создадена предност во корист на одреден економски оператор со користење на дополнување на доставената понуда, а со што се фаворизирал истиот економски оператор и се овозможило да се склучи договор за јавна набавка со оператор чија понуда била со повиска цена.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, а имајќи предвид дека начелото на конкуренција меѓу економските оператори е едно од основите начела на Законот за јавните набавки, ДКСК побара Комисијата за заштита на конкуренцијата, во рамките на нивните законски надлежности, да постапи за предметниот случај и до Државната комисија да достави стручно мислење по однос на погоре наведената постапка за јавна набавка, конкретно за ДЕЛ 4 - Напојни и конденз. пумпи, во која бил склучен Договор за јавна набавка на услуги врз основа на рамковна спогодба со операторот -------- --------- ----------- заведен кај договорниот орган под број ----- - -------/- од -----.---.---- година.

Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и од увидот во целокупната документација по предметот, ДКСК ја утврдена следната фактичка состојба:

Предметната јавна набавка била спроведена во отворена постапка со користење на електронска аукција, а како критериум за доделување на договорот бил предвиден најниска цена. Постапката е завршена со избор на понудата на економскиот оператор --------- --------- -----------.
За оваа постапка не била водена жалбена постапка пред второстепен орган - Државна комисија за жалби по јавни набавки. Согласно член 138 став 1 од Законот за јавни набавки секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на

договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да побара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка во рок и форма утврдени со закон. Жалбата се вложува во рок и во форма утврдени со закон, а надлежен орган за решавање по жалби во постапките за јавни набавки е Државната комисија за жалби по јавни набавки.

На 15.11.2024 година бил склучен договор за јавна набавка со избраниот понудувач со времетраење од една година.

Предметната пријава била доставена на надлежно постапување до ----------- ----------- ------------------ -- --------- и до ---------------- ------- -------------- --------.

По барање на ДКСК, ----------- ---------------------------- -- --------- со известување А.бр.---------/-------- - --------- од -------.------.--------- година, известува дека во Основното јавно обвинителство Битола не постоел евидентен запис за оформен предмет во врска со изнесените наводи од пријавата за сомневање за неправилности и незаконитости во спроведување на јавната набавка во ------- ---------- која била реализирана по оглас број --------/-------------- година. Дополнително, наведено е дека по однос на пријавата која беше доставена на нивно запознавање од страна на ---------- -------- ------------- - Битола ќе биде оформен предмет и дека по истиот од страна на предметното ---------- -------------- ќе бидат преземени потребните дејствија.

Од сето погоре наведено, ДКСК констатира дека за предметниот случај ќе постапува пред друг надлежен орган – ------------------------ ----------- -------------- , по што оцени дека нема елемети за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р., Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата